**Врз основа на член 49 став (3) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15,129/15, 225/15 и 23/16), министерот за финансии, донесе**

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НАДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ЧЛЕНОВИ НА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

**Службен весник на РМ, бр. 110 од 9.06.2016 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за враќање на данокот на додадена вредност на меѓународни организации и за формата и содржината на барањето за враќање на данокот на додадена вредност на членови на меѓународни организации.

## Член 2

Барањето за враќање на данокот на додадена вредност на меѓународни организации се поднесува на образец ДДВ-14 на хартија во бела боја во А4 формат.
Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Барањето за враќање на данокот на додадена вредност на членови на меѓународни организации се поднесува на образец ДДВ-14/а на хартија во бела боја во А4 формат.
Формата и содржината од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.23/16).

Бр. 20-3075/5
3 мај 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески**, с.р.